МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ЛИКОВНА УМЕТНОСТ*

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

## ЗА IV ГОДИНА

Скопје, 2003 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1.Назив на наставниот предмет - изборната активност:** *ЛИКОВНА УМЕТНОСТ*
**1.2. Вид на средно образование:** *гимназиско образование*
**1.3. Година на изучување:** IV година
**1.4. Број на часови**
1.4.1. Број на часови седмично: 2 часа
1.4.2. Број на часови годишно: 66 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** *изборен*

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА НАСТАВАТА

Цел на изборните содржини и активности по ликовна уметност е учениците да ги надградуваат личните способности, знаења и умеења согласно со индивидуалните предиспозиции, интереси и желбата за задоволување на естетските и емоционалните потреби за изразување, комуникација и творештво. Меѓу другото, обуката ќе влијае за натамошно збогатување на ликовниот израз и културата преку истражување и експериментирање во творештвото и стекнување нови теоретски практични сознанија во рамките на современите движења во уметноста и културата кои ќе бидат во функција на натамошното образование и професионалната ориентација на факултетите.

### 2.2. Посебни цели на изборните активности по ликовна уметност

- Учениците да ги откриваат и усовршуваат своите способности преку творечките процеси во рамките на ликовните подрачја;
- да реализираат ликовни и интердисциплинарни проекти согласно сопствените интереси и предиспозиции;
- да ги забележуваат и користат визуелно – ликовните вредности и можностите на компјутерската технологија и да креираат скици (идејни решенија) за слободното ликовно творештво и дизајнот;
- да ја надградуваат ликовната и општата култура и стручните знаењата преку посета на ликовни и други манифестации од областа на културата;
- да користат стандрдни (класични) и нови материјали и ликовни техники за истражување, експериментирање, комбинирање да постигнуваат нови вредности;
- да организираат индивидуална (или во група) изложба на ликовни експонати во училиштето или во друг простор;

- да учествуваат со свои прилози и во соработка со другите секции во реализацијата на претстави, прослави и други пригоди на училиштето и надвор од него;
- да изработуваат студија и други остварувања од ликовното творештво и теоријата на уметноста (архитектонски, есеи, ликовна критика и др.) како подготовка за успешна проодност на факултет;
- да ги поврзуваат своите активности со теми актуелни за околината и интересот на младите;
- да се ангажираат во активности на стручни асоцијации од областа на ликовните уметности, културата, во училиштето и во општеството;
- да го негуваат културно – историското наследство преку разни проекти и соработка со стручни институции, установи од културата, здруженија, асоцијации и невладини организации кои ја негуваат културата и уметноста.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА И РАЗВИЕНИ СПОСОБНОСТИ

Успешноста на реализацијата на целите на изборните содржини по ликовна уметност е условена од солидните творечки, ликовни и општообразовни способности и знаења, постигнати во основното и средното образование во I, II и III година и стекнатата општа култура во системот на образование и во општествениот живот.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Надградбата на способностите и знаењата на учениците по ликовна уметност ќе се спроведуваат согласно изборот од понудените модули во Наставната програма (ликовни подрачја и дисциплини) и индивидуалните определби за занимавање со ликовното творештво и насочување за студирање на одреден факултет, односно ориентирање кон одредена професија.

Образовниот процес ќе се изведува во организирана форма во училиштето согласно Наставната програма, во установи и стручни асоцијации од областа на уметноста, ателјеа и работилници на ликовни уметници, проекти од невладини организации и комбинирано преку самообразование и индивидуално творештво како метод кој треба да зазема сé поголемо значење во едукацијата.

Значаен фактор во творечкиот процес и општата обука ќе има афирмацијата и валоризација на резултатите на ликовното творештво преку презентација на ликовните творби на самостојни и заеднички изложби со други ученици во училиштето, градот, државата и во странство. Плодотворни резултати ќе се добијат и со поинтензивната соработка со соодветниот факултет, студенти, професори и стручни лица од областа за која ќе се определи ученикот во постгимназиското образование. Во оваа дејност ученикот ќе може да избере и изработи матурска работа поврзана со одредена област од ликовната уметност, односно од културата.

## 4.1. Структуирање на содржините за развој на ликовно – творечките способности и знаења

### 4.1.1. Обликување на плоштина

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу темаските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **ЦРТАЊЕ**<br><br>- ликовен јазик (елементи и принципи)<br><br>- материјали и техники<br><br>- мотиви | Ученикот:<br>- да ги коментира разликите на теоријата на уметноста: ликовен јазик (елементи и принципи; историја на уметноста; ликовна критика; естетика);<br>- да применува во цртањето карактеристики од античките цртежи, Византија, ренесансата итн.);<br>- да го користи ликовниот јазик и да умее да црта со разни суви и течни ликовни материјали;<br>- да открива карактер и да изработува скица, цртеж - студија на портрет;<br>- да забележува пропорции и да користи визирање во цртањето на човечка фигура (да изработува кроки, скица до студија) поставена статично или во движење;<br>- да ги применува способностите за цртање во други подрачја на образованието и во животот;<br>- да користи мотиви од сферата на неговиот интерес и да применува стилизација во цртежот;<br>- да развива способност и критериум за откривање оригиналност и други вредности во цртежот; | Наставникот:<br>- да разговара, анализира и објаснува специфики на античките и други цртежи;<br>- да го објаснува развојот на теоријата на ликовните уметности: ликовен јазик, поим и начела на естетиката; историја на уметноста; ликовна критика;<br>- да демонстрира примена на одредена техника и да ги објаснува особеностите.<br>-да ги упатува учениците за изнаоѓање сопственликовен израз. | - Историја, (историја на уметноста)<br>- музика<br>- литература<br>- биологија |

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу темаските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **СЛИКАЊЕ**<br><br>- ликовен јазик (елементи и принципи)<br><br>- материјали и техники<br><br>- мотиви | Ученикот:<br>- да ја совладува и применува постапката на потсликување во процесот на сликањето;<br>- да умее да користи лазурно сликање;<br>- да применува фактура (пастуозност) во сликањето;<br>- да ги сфаќа фазите и процесот на живописот-иконописот и изработката на јајчана темпера за сликање на икони;<br>- да истражува со примена на разни суви и течни сликарски материјали и да открива соодветна техника и постапка за работа која одговара на неговиот сензибилитет;<br>- да слика согласно своите индивидуални карактеристики;<br>- да изработува индивидуална или во група ликовна творба од голем формат со современ концепт;<br>- да користи компјутер и Интернет информации за разработка на ликовни решенија;<br>- да користи мотиви по сопствен избор за индивидуално творештво или во договор со други за потребата на естетското уредување на просторот (ентериерот и екстериерот). | Наставникот:<br>- да ја објасни и демонстрира постапката на потсликување, лазурно, и пастуозно сликање;<br>- да разговара и објаснува за одредени карактеристики на нашата традиционална уметност, иконографијата и живописот;<br>- да ја објасни технологијата на изработка на јајчана темпера и постапката на сликање (на икона и др.);<br>- да ги анализира творбите и да создава свест за карактеристиките на индивидуалниот ликовен израз;<br><br>- да организира разговор (трибина) за одреден ликовен проблем, уметнички стил, ликовно дело, проект или разговор со стручни лица. | - Историја (историја на уметноста)<br>- музика<br>- биологија<br>- литература |

4.1.2. Обликување во просторот

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу темаските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **СКУЛПТУРА**<br><br>- ликовен јазик (елементи и принципи)<br><br>- материјали и техники<br><br>- мотиви | Ученикот:<br>- да го применува принципот на додавање во обликувањето (работа со глина, восок, директно со гипс и др.);<br>- да изработува скулптура во тврд материјал (камен, дрво и др.), и да го користи принципот на одземање;<br>- да изработува скулптура во дрво, камен користејќи ја постапката "директно обликување";<br>- да изработува скулптура со примена на лепење, заварување, лемење и др.;<br>- да соработува со скулптор или друго стручно лице во работилница за изработка на скулптура во материјал;<br>- да користи и комбинира конвенционални и современи материјали во ликовниот израз;<br>- да твори по набљудување, помнење и фантазија;<br>- да го совладува процесот на леење на скулптура во гипси изработка на калап за каширање;<br>- да користи каширање во обликувањето на одредена форма. | Наставникот:<br>- да ги објасни и демонстрира принципите на скулптурата: додавање и одземање;<br>- да разговара за новите тенденции во скулптурата и уметноста;<br>- да организира дискусија за скулптури изработени од учениците;<br>- да го демонстрира процесот на изработка на скулптура во одреден материјал со постапката "директно обликување";<br>- да го демонстрира процесот на леење во гипс;<br>- организира посета на културно – историски споменик, музеј, ателје, археолошки локалитет и др.;<br>- објаснување на процесот на изработка на скулптура од скица, моделирање, леење. | - Историја (историја на уметноста)<br>- архитектура<br>- скулптура);<br>- биологија<br>- литература<br>- музика<br>- физика<br>- математика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **АРХИТЕКТУ-РА И УРБАНИЗАМ** | Ученикот:<br>- да набљудува архитектонски објекти од разни епохи и да ги воочува ликовните, стилските, статичките и другите карактеристики;<br>- да открива и анализира во архитектонски објекти (стари или нови) комбинација на архитектонски, скулпторски, сликарски – коло-ристички и други декоративни елементи;<br>- да забележува различни решенија адаптирани на климатските, утилитарните и други услови и потреби;<br>- да проектира едноставен архитектонска објект во размер и во трите основни проекции: прва (хоризонтална), втора (фронтална) и трета (профилна) и да изработи макета;<br>- да ја сфаќа улогата на перспективата и да проектира едноставен архитектонски објект во перспектива со основните димензии и пропорции;<br>- да соработува со архитекти за стекнување нови знаења и за проектирање на објекти;<br>- да споредува и анализира соднос на стари и современи архитектонски објекти и нивната хармонична поставеност во просторот;<br>- да соработува со други асоцијации од културата за негување на културното наследство. | Наставникот:<br>- да покажува и објаснува, разлики, функција и естетски вредности на архитектонски објекти од разни периоди;<br>- да укажува на поврзаноста на практичните, естетските и вредностите на материјалот во градбите;<br>- да го објасни процесот на проектирање во трите основни проекции;<br>- да разговара за видовите перспектива во архитектурата и ликовните умет-ности (централна, обратна, иконографска и др.);<br>- да организира посета на проектанско биро и разговор со проектанти и урбанисти;<br>- да организира посета на културно – историски објекти и локалитети;<br>- да организира ликовни и културни активности и реализација на проекти. | - Историја на уметноста ликовна уметност, (цртање, сликање)<br>- биологија<br>- литература |

4.1.3. Обликување на плоштина

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу темаските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **ГРАФИКА**<br><br>- ликовен јазик<br><br>- материјали и техники<br><br>- мотиви | Ученикот:<br>- да печати повеќебојна графика во линорез, дворез и др.;<br>- да истражува и експериментира со употреба на природни и вештачки материјали во колографијата;<br>- да трансформира елементи од природата во ликовна целина;<br>- да отпечатува сериграфија (сито печат во повеќебојни решенија);<br>- да користи комбинирана техника во графиката;<br>- да применува дкабок печат во графичкото изразување. | Наставникот:<br>- да спроведува печатење со природни и вештачки материјали на подлога од голем формат;<br>- да организира работа во групи за изработка на проект;<br>- да организира изложби (интерни и екстерни);<br>- да ги упатува учениците самостојно да организираат посета на музеи, споменици на културата и графички атељеа на уметници и печатници. | - Историја (историја на уметноста)<br>- биологија<br>- физика<br>- литература<br>- фолклор, музика |

4.1.4. Обликување на плоштина и во просторот

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **I. ДИЗАЈН**<br><br>1. ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН<br><br>- ликовен јазик<br><br>- материјали и техники<br><br>- мотиви | Ученикот:<br>- да изработува нови идејни решенија од графички дизајн (плакат, илустрација, заштитен знак и др.);<br>- да совладува нови ликови, материјали и техники;<br>- да користи ликовни материјали и мотиви според сопствените желби;<br>- да користи компјутер во проектирањето на ликовната идеја за дизајн. | Наставникот:<br>- да го упатува ученикот на новите можности на компјутерската техника;<br>- да организира посета на дизајнерско биро и демонстрација на дел од процесите на проектирање и печатење на уникати и серии на дизајнирано решение;<br>- да врши анализа и да коментира современо дизајн решение. | - Ликовна уметност<br>- архитектура<br>- историја на уметноста |
| 2. КОМПЈУ-ТЕРСКА ГРАФИКА | Ученикот:<br>- да користи видови растери и други можности од компјутерската графика;<br>- да изработува копјутерска графика во колор;<br>- да умее да скенира фотографија и да ја употреби во рекламно решение. | Наставникот:<br>- да ги објаснува можностите за користење на видови растери, колор, композиција и др.;<br>- да разговара за иновациите и перспективите на дизајнот и користењето на компјутерот;<br>- да организира посета на печатница со цел на запознавање со процесот на компјутеризирано печатење. | - Информатика<br>- математика<br>- физика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. МОДЕН ДИЗАЈН | Ученикот:<br>- да учествува во проект за изработка на модни костими за модна ревија организирана во училиштето (од идеја до реализација);<br>- да користи мотиви од природата, геометријата, фауната и флората, од историскиот костим и од народното творештво во изработката на дизајн за облека и детали. | Наставникот:<br>- да ја организира, следи и помага во работата на учениците;<br>- да разговара и објаснува појави на новите трендови во модата на облекување. | |
| КАЛИГРА-ФИЈА | Ученикот:<br>- да умее да испише со декоративни букви текст (за свидетелство, диплома и др.);<br>- да компонира текст на пано, табак, платно и друго. | Наставникот:<br>- да ги упатува учениците да изготват збирка од печатени материјали со разни стилови на букви;<br>- да укажува на важноста и можностите на компонирањето на текстот во формат хартија. | - Литература |

4.1.5. Обликување на плоштина

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **ФОТОГРА-ФИЈА** | Ученикот:<br>- да воочува ликовна вредност на мотив;<br>- да умее да кадрира мотив и да користи видови копмозиција: хоризонтална, вертикална, дија-гонална, радијална – спирална, пирамидална;<br>- да ги сфаќа спецификите на уметничката фотографија;<br>- да ги запознава карактеристиките на црно – белата фотографија;<br>- да умее да врши интервенции – корекции на (скенираната – дигиталната) фотографија на компјутер;<br>- да го разбира современиот процес на копирање на колор фотографија. | Наставникот:<br>- да организира набљудување на мотиви и откривање ликовни вредности;<br>- да разговара и објаснува за видовите композиција;<br>- да разговара, објаснува и анализира уметничка фотографија;<br>- да објаснува и демонстрира црно – бела и колор фотографија;<br>- да го објаснува и демонстрира процесот на снимање и изработка на фотографија со современи дигитални фотоапарати;<br>- да ги објаснува предностите на современите компјутерски фотоапарати. | - Физика<br>- ликовна уметност<br>- музика<br>- литература<br>- историја |

4.1.6. Теорија на уметноста

| **Тематски целини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематски целини и меѓу предмети** |
|---|---|---|---|
| **1. ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА** | Ученикот:<br>- да собира податоци и наведува сознанија од развојот на уметноста во просторот на Македонија;<br>- да проучува и демонстрира факти (преку предавање и визуелен материјал) за споменици на културата од средновековната уметност во Македонија;<br>- да проучи и изработи осврт – анализа и преда-вање за одредена епоха; археолошки локалитет; уметнички стил; ликовен творец според сопствен избор;<br>- да користи информации од Интернет, енцикло-педии и други извори за изработка на проект за културно-историски објект, истражување на акту-елно современо ликовно движење, автор или др. | Наставникот:<br>- да ги насочува учениците за избор на стручна литература и други извори;<br>- да го охрабрува и упатува ученикот во подготовката и реализацијата на прзентацијата – предавањето;<br>- да разговара, објаснува и прикажува визуелен материјал за одреден период, автор или ликовен правец;<br>- да организира посета и проучување на културно – историски објект во рамките на некој проект или во соработка на некоја стручна асоцијација или невладина организација. | - Историја<br>- социологија<br>- ликовна уметност<br>- музика<br>- литература |
| **2. ЕСТЕТИКА** | Ученикот:<br>- да го препознава во глобални рамки развојот на естетиката како наука во Македонија;<br>- да ги следи настаните од уметноста и да стек-нува сознанија за естетиката преку медиумите и Интернет;<br>- да соработува со студенти и други стручни лица од катедрата (Лабораторијата за естетика при Филозофскиот факултет); | Наставникот:<br>- да ги насочува учениците за изнао-ѓање содржини од естетиката во стручната литература и други извори;<br>- да демонстрира преку технички средства содржина од уметноста и да ги посочи главните естетски атрибути како повод за дискусија; | - Социологија<br>- филозофија,<br>- литература, музика, ликовна уметност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - да изработи стручен труд – компарација на одреден естетски проблем од разни периоди, односно ставови на автори – естетичари;<br>- да изработи ликовна критика за изложба на автор или група автори;<br>- да изработи осврт за улогата на уметноста во развојот на личноста; општеството; гимназиското образование и сл.);<br>- да реализира интервју со уметници и лица од културата и да го објавува во училишните списанија и во медиумите. | - да организира комуникација со стручни лица и институции;<br>- да организира дебата, дискусија или друга форма на работа за естетиката. | |

### 4.2. Наставни методи и активности на творештво и учење

Наставната програма по изборниот предмет ќе биде реализирана со користење на разни методи и техники на учење и творечка работа кои се вообичаени и присутни во наставната практика и се погодни за овој тип образование. Во практиката ќе доминира самоиницијативноста на ученикот во сите сегменти на работата. Императив на наставата е користење на целосна слобода за учење и творештво од страна на ученикот. Наставникот ќе ја има улогата на ментор кој ќе го поттикнува ученикот и во глобални црти и ќе ја насочува работата. Акцент ќе се дава на развојот на креативните и индивидуални способности на ученикот.

**Ученикот** ќе покажува иницијатива во осмислувањето и решавањето на задачите со што ќе се постигнуваат позитивни ефекти во созревањето на личноста. Ова се однесува претежно на ликовно-творечката работа за изработка на ликовни творби, но и на теоретското надградување преку сознанија стекнатим од стручната литература и другите извори на печатените и аудиовизуелните медиуми, изработка на анализи, осврти и други форми на пишувани трудови кои, меѓу другото, се во функција на матурата и идната професија.

**Наставникот** ќе ја организира работата, ќе подготвува услови за практична работа, дидактички средства, ќе организира интерни трибини, дискусии за одредена стручна тема, ќе организира соработка со институции, стручни асоцијации и лица од уметноста, културата и др.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Карактеристично за Програмата по изборниот предмет ликовна уметност е коципираноста во вид на модули коишто овозможуваат ученикот да избере еден модул (ликовно подрачје или дисциплина) и да го реализира во текот на еден период (на пр. неколку месеци, едно полугодие, учебна година или подолг период). Ученикот има можност во рамките на одреден модул или на неговото менување после одреден период да истражува, да се усовршува и да открива медиум што најмоногу му одговара на неговиот сензибилитет, интереси и личност. Изборниот предмет ликовна уметност ќе се реализира според просторните и материјално – техничките услови во училиштето и можностите надвор од него.
Дел од активностите учениците ќе ги реализираат и во своите домови како вид на слободна дополнителна творечка работа, односно за довршување на ликовната творба. Посетата и работата во музеи, галерии, културно – историски знаменитости, стручни институции, соработка со невладини организации и друго ќе претставува дел од можностите за организација и реализација на Наставната програма.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За успешното заокружување во една целина на творечките активности по ликовна уметност, покрај просторните и материјално – техничките услови (дијапроектор, епископ, сликарски и скулпторски штафелаи – ногари, компјутер и др.), предвидени со Нормативот за средно образование, неопходно е да се обезбедат ликовни материјали и помагала за работа. За остварување на овој услов, покрај ангажираноста на училиштето, треба перманентно да се грижи наставникот и ученикот кои можат да изнаоѓаат алтернативни решенија за обезбедување на класични и неконвенционални материјали и помагала за ликовна работа.
Исто така некои од учениците можат да употребуваат и своја опрема и материјали надвор од училиштето со цел не само да се осамостојуваат во ликовната дејност, туку и како подготовка за евентуално свое идно професионално ориентирање.

#### 4.4.1. Учебници и учебни помагала за учениците

Користење во практични цели на учебниците од редовната настава:
- Ликовна уметност - 2 елементи и принципи од Борко Лазески;
- Ликовна култура – 1 историја на уметноста од Владимир Величковски;
- стручна литература од областа на естетиката;
- енциклопедии (за уметноста идруго), монографии, стручни списанија и литература според изборот и можностите на ученикот;
- ЦД, видеоснимки (видеокасети) од историјата на уметноста, познати автори и дела, разработка на некоја ликовна техника и др.
- Користење на Интернет и други можности на современата техника.

### 4.4.2. Дополнителна литература за наставниците

За наставникот се препорачува следната стручна литература:
- методика по ликовно воспитание и образование;
- прирачници за наставници и студенти;
- Историја на уметноста од Џонсон, Пискел или друг автор; стручни списанија и литература по избор на наставникот.
- Архајм Рудолф: Уметност и визуелно опажање, Београд 1971.
- Архајм Рудолф: Уметност и визуелно мишлење, Београд и други.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето, контролата, испитувањето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши на професионален и демоктратски начин според современите сознанија од оваа област стекнати од постигнувањата на докимологијата како нова научна област за оценувањето. Овој дел од наставно – творечката дејност на обуката на ученикот ќе се реализира, главно, преку самооценување (во вид на коментари и ликовна анализа и критика) на сопствените ликовни остварувања и меѓусебните анализи на учениците и коментари за остварениот резултат и успех на ликовно поле. Наставникот ќе води грижа за овој дел од наставниот процес, кој треба да има не само дидактичка улога, туку и воспитни цели за создавање на самодоверба, истрајност, откривање на сопствените потенцијали и друго.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Примарните фактори за овој вид професија е наставникот да биде творец и солиден стручњак, лице со високи етички вредности и солидно да владее со педагошко – психолошката проблематика. Исто така, треба да биде солиден организатор и креативен работник кој умее да ја менува конвенционалната работа и да истражува нови можности за постигнување поквалитетни резултати. Значајно е наставникот да поседува искуство и способност да ја открие надареноста и талентот и да овозможи ученикот да постане свесен за сопствените способностите. Потребно е на ставникот да ги запознава учениците со карактеристиките на високите школи и факултети и да ги насочува каде ќе можат да го продолжат своето образование.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на:

1. Факултет за ликовни уметности – педагошки оддел VII 1 степен.
2. Факултет за ликовни уметности VII 1 (оддел сликарство, вајарство, графика) со положени испити од педагошко – психолошката група предмети и методиката на ликовното образование на Факултетот за ликовни уметности.

### 6.3. Стандард за простор

Потребно е остварувањето на програмските цели на изборните активности по ликовна уметност да се одвиваат во кабинет по ликовно образование опремен согласно Нормативот за простор и други потреби на наставата. Дел од наставата ќе се реализира и во други простори во училиштето и надвор од него како на пример: музеи, дизајнерски бироа, на отворен простор, ателјеа на уметници, во културно – исрториски споменици во домовите на учениците и др.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** ноември 2003 година.

### 7.2. Состав на работната група:

- Петре Наневски, советник за општествената група – Одделение за планирање и програмирање во БРО – Скопје
- Трајко Јовановски, советник за општествената група – одделение за следење и советодавно – инструктивна работа со воспитно - образовниот кадар, во Бирото за развој на образованието – Скопје
- Д-р Фехим Хусковиќ, доцент по методика на ликовното образование во Факултетот за ликовни уметности – Скопје
- Лидија Саздовска, наставник во Гимназијата “Раде Јовчевски Корчагин” – Скопје
- Сами Аметај, наставник во Гимназијата “Зеф Љуш Марку” – Скопје
- Теодора Андова-Фотева, историчар на уметноста, виш кустос во Музеј на град Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување**: 01.09.2004 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за изборни содржини по ликовна уметност е ја одобри (донесе): ________________________________________

______________________________________________________________со решение бр. __________________ од ____________година.